**20230290477**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Согласно член 162 став (2) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и „Службен весник на на Република Северна Македонија” бр.151/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА ЗА 2023 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдуваат активностите кои ќе се реализираат во 2023 година заради унапредување на заштитата на природата во Република Северна Македонија преку имплементација на целите определени во Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027).

II

Средствата од оваа програма со вкупен износ од 64.902.439,00 денари ќе се обезбедат од:

1. Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година во висина од 21.000.000,00 денари,

2. Донаторски средства од тековен повеќегодишен проект на Министерството за животна средина и просторно планирање во висина од 43.902.439,00 денари, и тоа:

- ЕУ ИПА II проект „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата фауна и флора (во натамошниот текст: ЦИТЕС) во висина од 43.902.439,00 денари.

Средствата од ставот 1 точка 1 на овој дел, ќе се реализираат врз основа на јавни набавки и конкурси за ангажирање на правни и физички лица кои ќе ги објавува и спроведе Министерството за животна средина и просторно планирање.

Средствата од ставот 1 точка 2 на овој дел ќе се реализираат преку тековен повеќегодишен проект на Министерството за животна средина и просторно планирање, и тоа ЕУ ИПА II проект „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС”.

III

Средствата од дел II од оваа програма ќе се распределат за следните намени:

| АКТИВНОСТ | ОПИС НА АКТИВНОСТА | БУЏЕТ | СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТ |
|---|---|---|---|
| **1. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО, ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА** | | | |
| 1.1 Водење постапка за прогласување на Охридско Езеро, Белчишко Блато и Катлановски предел за заштитени подрачја и спроведување на постапка за репрогласување на Маврово за национален парк | Согласно Закон за заштита на природата | Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија | Национална цел 2 Активност 2.3.9 цел 5, Активност 5.1.3 од Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| 1.2 Дополнување на Студија за ревалоризација на Споменикот на природата Катлановски Предел | Студијата е основа за отпочнување на постапка за повторно прогласување на Катлановски Предел за заштитено подрачје | Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија | Национална цел 1, Активност 1.3.10 од Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| 1.3 Дополнување на Студија за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово | Студијата е основа за продолжување на постапка за повторно прогласување на Маврово за национален парк | Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и Еуронатур од Германија (Euronatur – Gemmany and Global conservation- USA) | Национална цел 1, Активност 1.3.10 од Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| 1.4 Изработка на Студија за валоризација на природните вредности на Јабланица | Студијата за валоризација е основа за започнување на постапка за прогласување на Јабланица за заштитено подрачје | Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од Обединети Нации-програма за животна средина (UN environment programme: UNEP) | Национална цел 1, Активност 1.3.10 од Националната стратегија за заштита на природата со Акциониот план (2017-2027) |
| 1.5 Изготвување на анализа за воспоставување на Гео паркови | Анализата ќе даде насоки за воспостаување на Гео паркови | Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија | Национална цел 4, Активност 4.1.1 од Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| **2. ОБУКИ** | | | |
| 2.1 Обуки по различни области за Натура 2000 (Европска мрежа за | Обука за социо-економски придобивки, управување со живеалишта и видови, и | Средствата се обезбедуваат од ЕУ ИПА II проект | Национална цел 5, Активности 5.2.3, 5.2.4, 5.2.5, 5.2.6, и 5.2.7 од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| заштитени подрачја) | поврзаноста на Натура 2000 со шумарството, земјоделството, туризмот, управувањето со водите, здравството и др. | ,,Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС" | Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| 2.2 Обуки по различни области за ЦИТЕС | Целта на обуките е зајакнување на административните капацитети за имплементација на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора (ЦИТЕС) и Регулаивата на Советот (ЕЗ) бр. 338/97 за заштита на видовите дива флора и фауна со регулираење на трговијата со нив. Со обуките ќе бидат опфатени засегнатите страни (Министерство за финансии-Царинска управа, научни институции, инспекторати, полиција, ветеринарни служби, и др.). Обуките ќе се однесуваат за начинот и постапувањето со видови на дивата фауна и флора од прилозите на ЦИТЕС и ЕУ Регулативата за ЦИТЕС при меѓународен промет (увоз, извоз и ре-извоз) од страна на засегнатите страни, препознавање на ЦИТЕС видовите, издавање на ЦИТЕС дозволи/сертификати и др. | Средствата се обезбедуваат од ЕУ ИПА II проект ,,Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС" | Согласно ЦИТЕС и ЕУ законодавството за ЦИТЕС |
| **3. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА НАТУРА 2000 ПОДРАЧЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТОВО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЦИТЕС** | | | |
| 3.1 Идентификација на потенцијални пилот подрачја за еколошка мрежа Натура 2000 на национално ниво | Изработка на инвентар на живеалишта, растенија, животни и птици од интерес за ЕУ на национално ниво | Средствата се обезбедуваат од ЕУ ИПА II проект ,,Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС" | Национална цел 1, Активност 1.3.19 од Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027 |
| 3.2 Изработка на Стандардни формулари на податоци (СДФ) за Натура 2000 за потенцијални пилот подрачја на национално ниво | Изработка на Стандардни формулари на податоци (СДФ) за потенцијални Натура 2000 подрачја | Средствата се обезбедуваат од ЕУ ИПА II проект ,,Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС" | Национална цел 1, Активност 1.3.20 од Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| 3.3 Изработка на нов Нацрт-Закон за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата фауна и флора (ЦИТЕС) и подзаконски акти | Согласно ЦИТЕС и ЕУ законодавството за ЦИТЕС | Средствата се обезбедуваат од ЕУ ИПА II проект ,,Унапредување на капацитети за Натура 2000 и | ЕУ Регулатива за ЦИТЕС 338/98 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ЦИТЕС | |
| 3.4 Изработка на нов софтвер за електронско издавање на ЦИТЕС дозволи и сертификати | Согласно ЦИТЕС и ЕУ законодавството за ЦИТЕС | Средствата се обезбедуваат од ЕУ ИПА II проект ,,Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС" | ЕУ Регулатива за ЦИТЕС 338/98 |
| **4. БАЗА НА ПОДАТОЦИ** | | | |
| 4.1 Ажурирање на веб страната за НАТУРА 2000 | Редовно ажурирање со податоци на веб страната, како и социјалните мрежи за тековни активности за НАТУРА 2000 во Република Северна Македонија | Средствата се обезбедуваат од ЕУ ИПА II проект ,,Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС" | Национална цел 6, Активност 6.1.22 Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| **5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ** | | | |
| 5.1 Изработка на Национална црвена листа за пеперутки | Изработка на Националната црвена листа согласно критериуми на Меѓународна унија за заштита на природа (ИУЦН) за пеперутки | Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија | Национална цел 1, Активност 1.3.1 од Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| 5.2 Изменување и дополнување на Листите за утврдување на строго заштитени и заштитени диви видови | Изработка (ревидирање) на подзаконскиот акт кој ќе биде усогласен со критериуми на Меѓународна унија за заштита на природа (ИУЦН) | Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија | Национална цел 1, Активност 1.3.3. Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| 5.3 Проценка на состојба на водни живелишта со препораки за нивна заштита и нива поврзаност со климатски промени | Оваа активност ќе даде проценка на еколошкиот статус на водни живелишта со насоки за нивна идна заштита. | Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија | Национална цел 2, Активност 2.3.1. Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |
| 5.4 Зајакнување на капацитетите на националните паркови за спроведување мониторинг, заштита и управување со природното наследство | Во рамки на оваа активност ќе се поддржат активности кои се во согласност со Годишна прогарама за работа на ЈУ НП Шар Планина за 2023 година а се во насока на зајкување на капацитетите на ЈУ НП Шар Планина | Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија | Национална цел 5, Активност 5.2.5 од Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) |

IV

За начинот и динамиката на реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање, за што ќе достави детален извештај за степенот на реализација до 31.1.2024 година до Владата на Република Северна Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-612/6
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.